Неофицијален пречистен текст

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ, ПРИСТАП, ИЗДАВАЊЕ, ЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИНФОРМАЦИОНИОТ СИСТЕМ НА ФЗОМ ДОСТАПНИ НА ВЕБ ПОРТАЛОТ И ДСГ ГРУПЕР

(„ Службен весник на РМ" бр. 57/2013, 88/2013, 172/2013, 156/2014, 191/2015 и 184/2017 и „Службен весник на РСМ" бр. 247/2025 )

## Општи одредби

### Член 1

Во Правилникот за начинот на користење, пристап, издавање, чување и заштита на податоците од информациониот систем на ФЗОМ достапни на веб порталот, се пропишува начинот на користење, пристап, издавање, чување и заштита на податоците од информациониот систем на Фондот за здравствено осигурување на Македонија ( во понатамошниот текст Фондот) достапни преку Веб порталот и груперот за дијагностичко сродни групи ( во понатамошниот текст ДСГ групер), како и начинот на издавање, формата и содржината на обрасците во кои се содржани податоците кои се издаваат преку Веб порталот и ДСГ груперот на Фондот.[1]

### Член 2

Веб порталот на Фондот ќе овозможи електронски услуги за сите физички и правни лица во Република Македонија.

Услугите можат да ги користат сите осигуреници на Фондот, здравствените установи кои имаат потпишано договор со Фондот за пружање на здравствени услуги и фирмите обврзници за пресметка и уплата на придонес за здравствено осигурување.

ДСГ груперот се користи за евидентирање и фактурирање на здравствените услуги во здравствените установи од болничката здравствена заштита.[2]

### Член 2-а[3]

Електронските услуги кои Фондот ги дава на обврзниците за пресметка и плаќање на придонес и на осигурениците, освен на Веб порталот на Фондот се овозможуваат и преку Националниот портал за електронски услуги – uslugi.gov.mk.

За да може да добијат услуга преку Националниот портал за електронски услуги, обврзниците за пресметка и плаќање на придонес и осигурениците треба да имаат сметка на Системот за

[1] Измената е направена во Сл.весник на РМ бр. 184/2017

[2] Измената е направена во Сл.весник на РМ бр. 184/2017

[3] Измената е направена во Сл.весник на РСМ бр. 247/2025

единствена најава со најмалку ниско ниво.

## Постапка за добивање на корисничко име и за начинот на користење на податоците од Веб порталот

### Член 3

Податоците од информациониот систем на Фондот достапни преку Веб порталот се издаваат во електронска форма.

Барањата за најава на Веб порталот за сите осигуреници на Фондот (добивање на корисничко име) можат да се поднесат во електронска или писмена форма во било која подрачна служба на Фондот.

Барањата за најава на Веб порталот за овластените лица на фирмите обврзници за пресметка и уплата на придонес (добивање на корисничко име) се врши исклучиво во подрачните служби на Фондот.

Барањата за најава на Веб порталот за овластените лица на здравствените установи и ортопедските куќи се врши исклучиво во подрачните служби на Фондот.[4]

За поднесените барања од став (3) и (4) се издава потврда за прием од страна на подрачната служба на Фондот. [5]

Формата и содржината на барањето од став (2), (3) и (4) се обрасците ЕЛ 1, ЕЛ-ЗО 1 и ЕЛ –ОЛ1 кои се составен дел на овој правилник.[6]

### Член 4

Податоците достапни преку Веб порталот на Фондот, корисниците можат да ги користат само за намената за која се издадени.

Податоците од Веб порталот на Фондот, корисниците не смеат да ги умножуваат, менуваат, обработуваат, јавно да ги објавуваат и да ги даваат на употреба на други лица.

### Член 5

Корисниците можат да достават барање во писмена форма за непосреден увид во податоците за кои имаат овластување или право утврдено со закон. Увидот се врши во работните простории во Фондот во присуство на овластено лице вработено во Фондот.

Личните податоци, односно податоците за ЕМБГ на лицата запишани во

[4] Измената е направена во Сл.весник на РМ бр. 172/2013

[5] Измената е направена во Сл.весник на РМ бр. 146/2018

[6] Измената е направена во Сл.весник на РМ бр. 146/2018

информациониот систем на Фондот преку Веб порталот се издаваат само по нивно барање, лично или преку од нив ополномоштено лице, како и во другите случаи определени со закон.
Користењето, дистрибуцијата и пристапот до податоците од информациониот систем на Фондот од страна на корисниците од порталот се остварува преку глобална електронска мрежа, која е поврзана со локалната компјутерска мрежа на Фондот.

**Член 6**

Податоците од информациониот систем на Фондот достапни преку Веб порталот кои заинтересираните корисници ги добиваат со непосредно електронско поврзување, се во форма на информација и остварување на некои права од задолжителното здравствено осигурување, по точно дефинирани процедури.

Личните податоци, односно податоците за ЕМБГ на лицата запишани во информациониот систем на Фондот преку Веб порталот се издаваат само по нивно барање, лично или преку од нив ополномоштено лице, како и во другите случаи определени со закон.

При остварувањето на услугите за одредени права од задолжително здравствено осигурување кои се обезбедуваат од Веб порталот на Фондот осигурениците се најавуваат со корисничко име креирано од Фондот, со сметка на Системот за единствена најава со најмалку ниско ниво или со дигитален сертификат издаден од овластен издавач на сертификати во државата. [7]

При остварувањето на услугите наменети за обврзниците за пресметка и плаќање на придонес и за субјектите со кои Фондот склучува договори заради обезбедување здравствени услуги за осигурените лица (здравствени установи, ортопедски куќи, други правни лица кои вршат здравствена дејност), истите дигитално се потпишуваат од лице кое е авторизирано за тој правен субјект со дигитален сертификат издаден од овластен издавач на сертификати во државата.[8]

**Заштита на податоците достапни преку Веб порталот**

**Член 7**

Серверите на кои се инсталирани софтверските програми и базата на податоци од информациониот систем на Фондот достапни преку Веб порталот (примарен податочен центар) како и серверите во секундарниот податочен центар, физички се лоцирани, поставени (хостирани) во простории на оператор кој нуди највисоко ниво на физичка заштита на ваква опрема.[9]

Физички пристап до просторијата во која се сместени серверите имаат само овластени лица од директорот на секторот за информатика на Фондот кои треба да пристапат на системите на Фондот и лица на економскиот оператор кои не пристапуваат на системите на Фондот туку се овластени за проверка и одржување на

[7] Измената е направена во Сл.весник на РСМ бр. 247/2025

[8] Измената е направена во Сл.весник на РСМ бр. 247/2025

[9] Измената е направена во Сл.весник на РСМ бр. 247/2025

системите за физичка и заштита од пожар, експлозии, чад, вода, прашина, хемиски влијанија, пречки во снабдувањето со електрична енергија и електромагнетно зрачење.[10]

Просторијата во која се инсталирани серверите се заштитува од ризиците во опкружувањето, преку примена на мерки и контроли со кои се намалува ризикот од можни закани, вклучувајќи кражба, пожар, експлозии, чад, вода, прашина, хемиски влијанија, пречки во снабдувањето со електрична енергија и електромагнетно зрачење.

## Член 8

Серверите и софтверската програма се заштитуваат преку:

- огнени ѕидови (фиреѕалл) за заштита на внатрешните сегменти од надворешен пристап, кои се конфигурирани за да оневозможат пристап во информациониот систем на фондот, како и протокол што може да му наштети на функционирањето на информациониот систем;

- вграден безбедносен ССЛ серверски сертификат за заштита и енкрипција на електронската комуникација, и

- систем за заштита од штетни софтверски програми кој редовно се ажурира и кој врши проверка заради откривање и оневозможување на дејствувањето на штетните софтверски програми при секој прием на податоците во информациониот систем на фондот преку Веб порталот.

## Член 9

Резервната копија (бацкуп) на податоците складирани на серверите се чува во просторија која се наоѓа надвор од објектот во кој се сместени серверите.

Резервните копии се физички заштитени заради оневозможување на каква било модификација. [11]

За овозможување на поголема достапност на услугите на порталот, фондот по овозможување на технички услови[12] ќе обезбеди и секундарна локација на целокупниот свој информационен систем вклучувајќи ги тука и серверите и сервисите од порталот на Фондот.

## Член 10

Податоците од информациониот систем на Фондот, преку Веб портал и ДСГ груперот се издаваат на начин и форма, согласно со одредбите од член 4 став 2 од овој Правилник. [13]

---

[10] Измената е направена во Сл.весник на РСМ бр. 247/2025

[11] Ставовите 3 и 4 се избришани во Сл.весник на РСМ бр. 247/2025

[12] Измената е направена во Сл.весник на РМ бр. 88/2013

[13] Измената е направена во Сл.весник на РМ бр. 187/2017

## Корисници на услуги

### Член 11

На Веб потралот на фондот ќе бидат ставени на располагање услуги од информациониот систем за следниве групи на корисници:

-осигуреници-физички лица,

-обврзници-правни лица,

-здравствени установи со кои има потпишано договор со Фондот за пружање на здравствени услуги и

- ортопедски куќи кои имаат потпишано договор со Фондот за услуги за обезбедување на ортопедски и други помагала[14]

### Член 12

Од информациониот систем на Фондот услуга може да добие било кој осигуреник-граѓанин на Република Македонија кој е регистриран во Фондот како носител на здравственото осигурување или член на семејството на осигуреник над 14 годишна возраст. Осигуреникот може да добие информација за статусот на осигурување за себе и лицата осигурани преку него, да направи промена на ограничен број на лични податоци (адреса на живеење, адреса на престојувалиште, контакт телефон, емаил адреса). [15]

### Член 13

Правните лица можат да направат проверка на евиденцијата и статусот на здравственото осигурање за лицата вработени кај нив како и електронска пријава и/или одјава за вработени и членови осигурани преку нив. [16]

### Член 14

Услугите од Веб порталот на Фондот достапни се и на здравствените установи кои имаат склучено договор со Фондот за пружање на здравствени услуги. Здравствените установи имаат можност да направат проверка на осигурувањето на осигурените лица, проверка на важноста на здравственото осигурување, проверка на избран матичен лекар, додека лекарите вработени во здравствените установи може да направат избор/промена на избран матичен лекар, по добиена согласност од осигуреникот.[17]

Здравствените установи користејќи ги услугите од Веб порталот на Фондот, имаат функционалности кои се однесуваат на процесот на договарање и реализација на понуди, договори и барања за измени/анекси поврзани со здравствените установи.

---

[14] Измената е направена во Сл.весник на РМ бр. 172/2013

[15] Измената е направена во Сл.весник на РМ бр. 53/2013 и бр. 172/2013

[16] Ставот 1 е избришан во Сл. весник на РСМ бр. 247/2025

[17] Измената е направена во Сл.весник на РМ бр. 57/2013 и 88/2013

Овластените лица на здравствените установи и ортопедските куќи поднесувањето на електронските фајлови за финансиска документација согласно договорите со Фондот, го вршат преку веб порталот и истите електронски ги потпишуваат преку користење на дигитален сертификат издаден од овластен издавач на дигитални сертификати во државата[18]. Здравствените установи и ортопедските куќи покрај електронските фајлови за финансиска документација до подрачните служби на Фондот финансиската документација задолжително ја доставуваат и по писмен пат во хартиена форма

Овластените лица на ортопедските куќи преку веб порталот на Фондот вршат прием на нарачка и издавање на ортопедски помагала согласно заверена потврда за право на ортопедско помагало. Издавањето на ортопедските помагала овластените лица го верификуваат со користење на дигитален сертификат издаден од овластен издавач на дигитални сертификати во државата.[19]

Овластените лица на здравствените установи од дејноста општа медицина преку веб порталот на Фондот вршат достава на податоци за остварени превентивни мерки. Доставата на овие податоци се верификува со користење на дигиталниот сертификат издаден од овластен издавач на дигитални сертификати во државата.[20] [21]

## Член 15

По создавањето на соодветни технички услови во информациониот систем на Фондот, корисниците на Веб порталот на Фондот ќе може да добиваат и остваруваат и останати услуги и права од Фондот, кои ги добиваат во просториите на фондот како во Централата така и во подрачните служби на Фондот.
Започнувањето со примена на услугите на Веб порталот не ја исклучува можноста за обезбедување на услугите на постојниот начин во подрачните служби на Фондот.

## Член 15-а

### Начин на користење и заштита на податоците од ДСГ групер

Податоците од информациониот систем на Фондот достапни преку ДСГ груперот се издаваат во електронска форма.

Барањата за најава на ДСГ груперот за овластени лица од здравствените установи се врши во централната служба на Фондот.

Формата и содржината на барањето од став 1 е образецот ЕЛ-ДСГ кој е составен дел од овој правилник.

## Член 15-б

ДСГ груперот ќе го користат овластени лица од здравствените установи од

[18] Измената е направена во Сл.весник на РСМ бр. 247/2025

[19] Измената е направена во Сл.весник на РСМ бр. 247/2025

[20] Измената е направена во Сл.весник на РСМ бр. 247/2025

[21] Ставовите 6 и 7 се избришани со измената направена во Сл.весник на РСМ бр. 247/2025

болничката здравствена заштита.

Податоците достапни преку ДСГ груперот на Фондот, корисниците можат да ги користат само за намената за која се издадени.

Податоците од ДСГ груперот, корисниците не смеат да ги умножуваат, менуваат, објавуваат, јавно да ги објавуваат и да ги даваат на употреба на други лица.

Податоците од информациониот систем на Фондот достапни преку ДСГ груперот кои заинтересираните корисници ги добиваат со непосредно електронско поврзување, се во форма на информација и остварување на некои права од задолжителното здравствено осигурување, по точно дефинирани процедури.

Личните податоци, односно податоците за ЕМБГ на лицата запишани во информациониот систем на Фондот преку ДСГ груперот се издаваат само по нивно барање, лично или преку од нив ополномоштено лице, како и во другите случаи определени со закон.[22]

## Преодни и завршни одредби

### Член 16

Обрасците, постапките и упатствата кои ќе се користат на Веб порталот на Фондот ќе бидат опишани во посебни процедури и јавно објавени на Веб страната на Фондот.

### Член 16-а – избришан во Сл. весник на РСМ бр. 247/2025 [23]

### Член 17

( член 17 од Правилникот објавен во „Сл.весник на Република Македонија” бр. 67/2013 )

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство .

### Член 18

( член 4 од Правилникот објавен во „Сл.весник на Република Македонија” бр. 88/2013 )

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

### Член 19

[22] Измената е направена во Сл.весник на РМ бр. 184/2017

[23] Членот 16-а е избришан во Сл. весник на РСМ бр. 247/2025

( член 5 од Правилникот објавен во „Сл.весник на Република Македонија” бр. 172/2013 )

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

## Член 20

( член 3 од Правилникот објавен во „Сл.весник на Република Македонија” бр. 156/2014 )

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

## Член 21

( член 3 од Правилникот објавен во „Сл.весник на Република Македонија” бр. 191/2015 )

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

## Член 22

( член 9 од Правилникот објавен во „Сл.весник на Република Македонија” бр. 184/2017)

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

## Член 23

( член 8 од Правилникот објавен во „Сл.весник на Република Северна Македонија” бр. 247/2025)

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

ОБРАЗЕЦ ЕЛ 1


ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

**БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ВЕБ ПОРТАЛОТ НА ФЗОМ ЗА ОСИГУРЕНИЦИ**

Јас_____со ЕЗБО* _____, адреса на живеење_____ и активна e-mail адреса _____, поднесувам барање за доделување на пристап до ВЕБ порталот на ФЗОМ за добивање на информации и податоци од моето здравственото осигурување, како и здравственото осигурување на членовите осигурани преку мене.

Датум _____ 20__ год. М.П. Осигуреник

_____

(име и презиме и потпис)

* ЕЗБО (Единствен здравствен број на осигуреникот) е податок кој се наоѓа на ЕЗК (електронска здравствена картичка).

**Напомена:** По прифаќање на барањето ФЗОМ на доставената e-mail адреса ќе ви достави линк за регистрација на Веб порталот на ФЗОМ.




Образец – ЕЛ-ПО

ОБРАЗЕЦ ЕЛ-ИЗ

ИЗЈАВА

ЗА ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ЕЛЕКТРОНСКИТЕ ФАЈЛОВИ ЗА ФИНАНСИСКА ДОКУМЕНАТЦИЈА

Јас долупотпишаниот со ЕМБГ _____, ЕЗБО_____, со адреса на живеење _____ и активна е-маил адреса